


КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО 20

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

## ФЕВРУАРИ 2025

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ФИНАНСИСКИ ДВИЖЕЊА

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Во февруари 2025 година, глобалната економија покажува мешани сигнали. Економијата на САД продолжува да расте под влијание на силната потрошувачка, додека ЕУ бележи закрепнување потпомогнато од монетарните политики. Инфлацијата останува клучен предизвик, а глобалната перспектива е неизвесна поради трговските тензии и геополитичките промени. Глобалниот индекс MSCI ACWI во текот на изминатиот месец забележа пад од 0,70%, а сепак задржувајќи го позитивниот принос од 2,57% од почетокот на годината. Од аспект на прикажаните регионални индекси, се забележуваат разлики во движењето. Најголем раст од 3,27% остварија европските акции прикажани преку индексот STOXX 600, кој во првите два месеци достигна раст од 9,77%. Од друга страна, во неповолна насока се движеше американскиот пазар на капитал каде акциите прикажани во индексот S&P 500 забележаа пад овој месец од 1,42%. Исто така, индексот MSCI Asia – Pacific опадна за 0,39%, додека индексот MSCI Emerging Markets оствари благ пораст од 0,35%.




MSCI Asia – Pacific – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија – Пацифик
MSCI Emerging Market – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 25 земји во развој
STOXX 600 – Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 – Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI – Светски индекс на акции кој ги следи цените на акциите во 47 држави

*Извор: Блумберг*


**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ



Македонскиот берзански индекс МБИ 10 забележа пад во текот на февруари кој изнесуваше 1,78%. Сепак, од почетокот на оваа година приносот е 4,51%. Поголемиот дел од компаниите во структурата на индексот исто така остварија пад, притоа најголем пад на вредноста имаа акциите на ТТК Банка од 6,38%, додека Македонијатурист и Макпетрол беа исклучок од овој тренд со пораст од 2,36% и 1,61%, соодветно. Гледано од почетокот на 2025 година, Македонијатурист останува на врвот со принос од 28,40%.




Февруари
Јан - Фев

*Извор: Блумберг*


**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Пазарот на обврзници во текот на изминатиот месец покажа тренд на намалување на приносите што беше главно предизвикано поради послабите економски податоци и зголемените трговски тензии. Најавата за нови тарифи од страна на американската администрација ја зголеми загриженоста за глобалната трговија. На крајот од месецот, највисок принос од анализираните обврзници има британската обврзница кој изнесува 4,48%, додека најмала стапка на принос има швајцарската обврзница, кој изнесува 0,46%.



**Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници**

*** Приносот се однесува на еврообврзница со датум на доспевање 03.10.2028.**




*Извор: Блумберг*

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**

www.kbprvo.com.mk

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ



На девизниот пазар, најголем пораст во однос на еврото (EUR) во текот на февруари забележа руската рубља (RUB) со 10,20%, додека на годишно ниво достигна значителен пораст од 27,06%. Пораст забележа и јапонскиот јен (JPY) со 2,91% во февруари, а за овие два месеци од годинава порасна за 4,16%. Швајцарскиот франк (CHF) и британската фунта (GBP) исто така забележаа умерен пораст од 0,76% и 1,37% соодветно во февруари. Од друга страна, мал пад во однос на еврото овој месец забележа кинескиот јуан (CNY) со –0,35%, следен од американскиот долар (USD) со –0,12% и австралискиот долар (AUD) со –0,18%.

## Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)




*Извор: Блумберг*

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk

Лектор: Каролина Накова